ДРАГАН ТОДОРОВИЌ[1] 316.647.82-054(497:=214.58)

# СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ СПРЕМА РОМИТЕ
## (Преглед на емпириските истражувања во Србија, Бугарија и Македонија)

Превод: Константин Миноски


## РЕЗИМЕ

Градењето на новите етнички односи на Балканот не е возможна без трезвено соочување со постојните проблеми, посебно во сферата на регулирањето на меѓуетничките односи. Ромите како национално малцинство што подеднакво се застапени во Србија, Бугарија и Македонија, но и другите малцинства, во минатото и денес биле најчест предмет на изразувањето на социјалната оддалеченост на мнозинското население.

Во трудот се дава кус преглед на еден број истражувања од изминатата деценија за присутноста и обемот на социјалната оддалеченост спрема ромскиот народ во трите набљудувани земји.


**Клучни зборови:** социјална оддалеченост, Роми, Србија, Бугарија, Македонија.

## ПОИМОВНО ОДРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ

Етничките стереотипи не мора секогаш да бидат производ на предрасудите, туку за нив може да се зборува како за неоправдани генерализации, т.е. производи на површното или недоволното познавање на поедини народи (Ромите се добар пример за тоа). Затоа предрасудите се третираат и на поинакви начини, на пример, со помош на социјалната оддалеченост.

Поимот социјална оддалеченост (дистанца) или општествена оддалеченост (дистанца) во социологијата го вовел американскиот социолог Р. Е. Парк и го дефинирал како: „Степен и мерка на разбирање и интимност кои ги обележуваат пресоцијалните и социјалните односи воопшто (Sociološki leksikon 1982: 116-117)." Од гледна точка на психолошката блискост или оддалеченост од припадниците на некои групи, (социјалната

---

[1] Авторот с профсссор на Филозофски факултст - Ниш

оддалеченост – заб. прев.) претежно се однесува на таканаречената конативна (однесувачка) компонента на ставот и операционално се одредува како подготвеност да се прифатат или одбијат карактеристични социјални односи. При употребувањето на поимот општествена оддалеченост важно е да се прецизира кон кого или кон што се манифестира оддалеченоста (поединец, група, идеја) и во кој обем и облик се манифестира. Најголем број од истражувањата на општествената оддалеченост се спроведени во областа на расните и етничките односи, заради што на етничката оддалеченост и се доделува посебно место во општествените науки. Оригиналната или модифицираната Богардусова скала за општествена оддалеченост најчесто се употребува како инструмент за мерење на социјалната оддалеченост. Во неа се наведени социјални односи од различен степен на блискост и од испитаниците се бара да ги означат оние односи кои би ги прифатиле со членовите на одредена етничка група.

Амриканскиот социолог Емори С. Богардус прв ја конструирал техниката чија специфчна цел е мерење и подредување на ставовите според расните и етничките групи, меѓутоа таа, со одредени модификации, може да се примени за испитување на социјалната оддалеченост спрема која било група на личности. Со примената на Богардусовата скала на националните групи на индиректен начин ги мериме предрасудите на испитаниците, па врз основа на добиените резултати може да се изведуваат заклучоци за степенот на меѓусебната толеранција на една национална група спрема друга, односно подготвеноста на различните национални групи да развиваат дух на сорбатока во повеќеконфесионалните средини.

Под социјална оддалеченост Богардус подразбирал степен на разбирање и психолошка блискост (односно оддалеченост) во однос на различните поединци или групи. Неговата скала за општествена оддалеченост (скала за социјална дистанца) се состои од одреден број тврдења кои се одбрани врз а priori основа за да предизвикаат одговори кои ќе бидат индикатори за степенот на прифаќање на која и да е национална група од страна на субјектот. Тврдењата се распоредени на континуум кој поаѓа од наголемиот степен на блискост кој личноста е спремна да го прифати со просечната личност од одредена група, значи, прифаќање да се стапи во брак, до непријателскиот став (просечниот припадник на одредена група да се протера од земјата). Наведени се седум карактеристични односи: 1. блиско сродство со стапување во брак, 2. членство во ист клуб како израз на блиско пријателство, 3. живеење на иста улица, 4. вработување во иста фирма, 5. државјанство во иста држава, 6. посета на земјата и 7. исклучување на земјата. Испитаниците треба да одговорат со „да“ или „не“ и со тоа да искажат дали се наклонети да го прифатат секој од овие односи со

припадниците на некоја група. Логиката на скалата е степенот на блискост којшто личноста е подготвена да го оствари со просечниот член на одредена група, искажан со проценка на скалата, да соодветствува на нејзиниот избор и на нејзиното однесување во вистинскиот живот. Резултатот на скалата е изразен со бројот чија вредност укажува на прифатливиот степен на блискост.

Во повеќето досегашни истражувања е користена модифицираната Богардусова скала од седум односи за испитување на социјалната оддалеченост: 1. би стапил во брак, 2. би имал за пријател, 3. би работел во иста фирма, 5. би имал за претпоставен, 6. би живеел во ист град и 7. би живеел во иста држава.

Во трудот го усвојуваме следново операциско одредување на социјалната оддалеченост: социјалната оддалеченост ја опфаќа конативна компонента на ставот и означува подготвеност да се прифатат или одбијат карактеристични социјални односи со припадниците на поедини народи.

## РОМИ-ЕТНИЧКО И ВЕРСКО МАЛЦИНСТВО ВО СРБИЈА, БУГАРИЈА И МАКЕДОНИЈА

Всушност, кои се Ромите до неодамна не се знаело со сигурност и покрај повеќевековното интересирање за нивното потекло (Hancock 2003; Henkok 2002; Мацура 2000; Đorđević i Todorović 2001b). Менувајќи ги обичаите, верата, прифаќајќи туѓ јазик, Ромите со време ја губеле врската со прататковината и со тоа придонеле за создавањето на најчесто неточни тврдења за своето потекло (Mirga I Georgi 2004). Благодарение на етнолошката, антрополошката и лингвистичката литература од крајот на XIX и почетокот на XX век, во светската наука е утврдено дека Ромите се главно номадска етничка заедница која потекнува од Индија. Во VIII век продреле до Мала Азија и потоа се ширеле низ северна Африка, островите на источниот Медитеран и на Балканскиот Полуостров, а од таму по цела Европа. Движењето кон Балканот се совпаѓа со времето на наездата на Турците , а повеќевековното турско владеење условило Ромите да се задржат на овој простор најдолго и во најголем број.

Расеани по целата екумена, Ромите постојано биле изложувани на процесите на енкултурација, акултурација и адаптација, односно сопствената култура ја прилагодувале на владеачките културни модели (Barany 2002; Gheorghe 1991). Меѓутоа, тие постојано им се противеле на сите процеси кои ја ситнеле (распаѓале, рушеле) нивната етничка самосвест, зачувувајќи се од исчезнување и настанувајќи малцинска етничка заедница. И покрај непостоењето на држава матица, која би

гарантирала за нивните права, и на домашната јавност, не навикната да ги смета за малцинство, Ромите се незаобиколно камче на богатиот етнички мозаик на Србија, Македонија и Бугарија.

Ромите во Србија. Според последниот попис од 2002 година, во Србија живеат 108193 Роми. Меѓутоа, демографите проценуваат дека во Србија живеат значително поголем број на Роми, околку 450000. Разликата помеѓу утврдениот и проценетиот број на Роми е последица на „етничката мимикрија", т.е. одлуката на самите Роми да се изјаснуваат како припадници на друга народност, а не како Роми, за време на пописот на населението. Најмногу ги има во југоисточна Србија, а во поедини општини (Сурдулица, Бујановац, Бојник, Владичин Хан) учеството на Ромите во вкупното население се движи и до една третина (Nacionalne manjine u SR Jugoslaviji 2002:78). Наставата на ромски јазик, во Република Србија, засега се остварува само во неколку училишта врз основа на одлуката на Министерството за образование од 1997 година, со усвојувањето на наставниот план и програмата за осумгодишното образование кои ги поднела Матицата ромска. Меѓутоа, податоците од пописот од 2002 година откриваат дека само 21,9% од Ромите завршуваат основно училиште, 7,8% средно, а само 0,3% имаат више или високо образование. Скоро 80% од учениците во специјалните училишта за деца со посебни потреби се од ромската националност. Денес постојат десетици општествени и политички здруженија. Од 1989 година во Српската академија на науките и уметностите постои Комисија за проучување на животот и обичаите на Ромите, а на ромски јазаик се преведени „Новиот Завет" и „Петокнижието". Содржини на ромски јазик низ повеќе емисии се емитираат на националната телевизија, постои и секојдневна радио програма, а се формирани и првите самостојни ромски медиуми. Начинот на кој се известува за Ромите во печатените медиуми создава слика за нив како за општествена група на која и е потребна помош, иако одделни текстови се одликуваат со вредносно негативни генерализации (Milošević I Stojić-Atanasov 2003).

Иако уште во 1927 година во Белград е основана „Првата српско-циганска задруга за взаемно помагање во болест и во смрт", а во седумдесеттите години на минатиот век, во составот на некогашната СФРЈ, се придвижени почетните механизми за заштитата на националниот и културниот идентитет на националните малцинства, Србија ќе остане запаметена како земја која меѓу последните им го признала на Ромите статусот национално малцинство, усвојувајќи го во 2002 Законот за заштита на правата и слободите на националните малцинства. Со тоа се институционализирани нужните предуслови за интензивирање на процесот на севкупна социјално-економска еманципација на Ромите. Набрзо потоа е формиран првиот Национален совет на Ромите на Србија и Црна Гора, а Владата на Република Србија

создала Совет на Република Србија за национални малцинства во чија работа рамноправно учествуваат ромските представици заедно со представниците на останатите национални малцинства во Републиката. Станува збор за превземање на првите чекори во решавањето на насобраните проблеми, а поупатените во оваа проблематика издвојуваат безброј паралелни фронтови на кои допрва им претстојат координирани акции: „Да се обезбеди општествена и политичка поддршка; да се засилат моментално кревките и безмалку неформални институционални претпоставки во смисла на усвојување собраниски декларации за положбата на Ромите во Србија; да се обезбеди донеусвање на одлуки на Владата на Република Србија во врска со прифаќање на обврските од соодветните програми за интеграција и развивање на механизми за нивно спроведување; да се воспостават програмски и донаторски координации на меѓународните институции за финансирање и евалуација на програмите и проектите посветени на Ромите; да се вклучат стручњаци во овие процеси и , на крај, да се обезбедат постојани буџетски средства за реализација на програмите за интеграција (Bašić 2004a: 75).“ Одговорноста за спроведување на планираните мерки треба да биде соодветно поделена помеѓу централната и локалните власти, припадниците на ромската заедница и останатите граѓани.

Ромите во Бугарија. Според последните статистички податоци од 2001 година во Бугарија живеат 370908 Роми, додека според неофицијалните проценки ги има околу 900000. Иако основните граѓански права на Ромите главно биле решени во првите години на постсоцијалистичкиот период, во Бугарија кон Ромите владее нескриен негативен однос (Марушиакова 1992; Марушиакова и Попов1993; Канев 1997). На конференцијата на тема „Малцинствата и медиумите: реалност и предрасуди“, одржана во 1997 година во Софија, Красимир Канев – долгогодишен истражувач на положбата на етничките малцинства во својата земја, сега преставник на бугарскиот Хелсиншки комитет – ја изложил тезата дека во свеста на обичните граѓани „Ром е олицетворение за криминалец“. Поткрепа за ваквиот став нашол во извештаите на полициските органи во кои за една третина од направените криминални дела во земјата се обвинуваат Ромите. И текстовите во медиумите ја поткрепуваат оваа теза: од 1440 текстови за малцинските групи во првите шест месеци во 1997 година, 887 биле посветени на Ромите, од кои 497 биле се негативен предзнак. Бугарскиот социолог Дејан Кјуранов постојната состојба на нештата ја согледува на следниов начин: „Медиумите се 100% преориентирани на откривање на индивидуалниот интерес на масовниот читател, а тој читател бара да најде потврда за своите сопствени стереотипи и предрасуди.“ Социјалната нетрпеливост затоа редовно прераснува во насилнички испади на расна основа.

Малку или никакво разбирање за очигледните проблеми во ромските гета на периферијата на безмалку секој бугарски град или село. Ромите во Бугарија, заради отсуство на редовно образование, големата невработеност, неможноста за обезбедување на елементарни услови за живот на членовите на семејствата и оддавањето на различни пороци, остануваат заточеници на „маѓепсаниот круг на бедата“ (А. Митровић). Неписмени, полуписмени и Ромите на ниско образовно ниво сочинуваат 60% од вкупната ромска заедница (на возраст од 7 години па нагоре). На крајот на деведесетите години на минатиот век истражувањата регистрирале дека 70% од работно-способното ромско население било невработено, а дека 60% од корисниците на социјална помош се од ромско потекло. Зголемениот ситен криминал условил и поголема општествена нетрпеливост (Tomova 1995, 1998; Mitev 2004).

Ромите во Македонија. Според податоците од пописот во 2002 година во Република Македонија живеат 53879 Роми, претежено населени во градовите. Според неофицијалните проценки во земјата живеат вкупно од 170000-200000 Роми, главно во дивите и неурбанизирани гета (Ристовска-Димитриевска 2003). Македонија е прва од некогашните југословенски држави која со Уставот им признала на Ромите статус на национално малцинство. Единствена земја во која Ромите имаат сопствена општина. Станува збор за скопската општина „Шуто Оризари“, една од најголемите ромски населби во светот, чии половина жители својата секојдневна егзистенција ја засноваат на скромната социјална помош, нодоволна ни за потребите за основно прехранување (Lakinska – Popovska 2002: 12).

Под влијание на постојаните миграции и асимилациски претензии на опкружувањето, Ромите во западниот дел на Македонија (Тетово, Гостивар, Дебар) не го зборуваат мајчиниот јазик, туку само албански и турски. Во источниот дел, пак, Ромите зборуваат ромски и турски јазик, а во Шитп и Кочани забележани се примери на нивно декларирање како Турци. Од верски поглед, преовладува исламот и во помала мерка христијанството, но од западните европски земји помеѓу македонските Роми стигнал и протестантизмот, пред сите, учењето на Јеховините сведоци (Демировски 2000).

За разлика од сонародниците во другите земји, Ромите во Македонија не се судирале со гласно изразено непријателство. Иако во македонските медиуми се пишува дека меѓу Ромите има многу просјаци, ситни криминалци, „чистачи“ на контејнери за отпад и слично, тие за сонародниците важат како весели и добродушни граѓани. Состојбата темелно се променила после агресијата на НАТО на СР Југославија во 1999 година и со влегувањето на КФОР на Косово. Повеќе од 20000 мажи, жени и деца биле прифатени во пограничниот камп „Стенковец“, а потоа следеле преместувања во одмаралиштата ширум земјата. Почнале

и првите реакции на локалното население, главно со негативен предзнак, кон косовските бегалци. Владата донесува одлука сите тие да се сместат под шатори во единствената, колку – толку организирана, но и пренаселена, ромска населба „Шуто Оризари". Поголеми судири се избегнати со ангажирање на Амди Бајрам, тогашниот ромски пратеник во македонското собрание и со парична помош на меѓународната заедница, која поддржала изградба на цврсти објекти за живеење и погони за вработување на квалификуваната ромска работна сила.

Изборната настава на ромски јазик во основното образование почнала да се изведува во училината 1996/97 година. Некои од културните здруженија делумно ги финансира државата, а постои поголем број мешани културно-уметнички друштва (Ortakovski 2002). На македонската телевизија се емитуваат триесет минутна неделна програма на ромски јазик и два часа неделно на македонското радио. Покрај редакцијата на ромски јазик при државната радио-телевизија (чиј прв уредник, Неџет Мустафа, четириесетидвегодишен професор по филозфија, после парламентарните избори во 2002 година станал пратеник во македонското Собрание) Ромите во Македонија имаат неколку сопствени РТВ станици, но дискутабилно е прашањето за квалитетот на нивното влијание надвор од ромската заедница. Треба да се каже дека Трајко Петровски (2002), единствениот Ром доктор на науки во Македонија, објавил Речник на македонско-ромскиот и ромско-македонскиот јазик. Според програмата за афирмативна акција (позитивна дискриминација), на еден од двата универзитети во земјата е овозможено запишување на младите Роми, желни за стекнување високошколско образование. Меѓутоа, бројот на запишаните е далеку од уписната квота од 2,4% колку што изнесува партиципацијата на ромската популација во вкупното население (денес во Македонија има само 180 Роми со факултетска диплома). Според податоците од 1991 година, кога положбата на Ромите се третирала уште и како добра, само нешто преку 8000 Роми биле вработени во постојан работен однос, а од тоа само 80 во државната управа.

## СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ СПРЕМА РОМИТЕ ВО СРБИЈА, БУГАРИЈА И МАКЕДОНИЈА

Градењето нови етнички односи на Балканот не е возможно без трезвено соочување со постоечките проблеми, посебно во сферата на регулирањето на меѓуетничките односи (Guglielmo 2004). Како национално малцинство подеднакво застапено во Србија, Бугарија и Македонија, Ромите во минатото и денес биле најчест објект за изразување на етничката оддалеченост од страна на мнозинското население, но и останатите малцинства. Следи краток преглед на еден број

истражувања од минатата деценија за присутноста и обемот на етничката оддалеченост спрема ромскиот народ во трите набљудувани земји.

Примерот на Србија. Треба да се истакне дека станува збор за различни истражувања. Првото и четвртото биле најсеопфатни по обем и се однесувале на територијата на целата Република Србија (без Косово). Другото било фокусирано на компаративното истражување на југоисточна и југозападна Србија, етнички и конфесионално особени подрачја. Третото пак, било свртено кон согледување на специфичната положба на ромското малцинство на југот на Србија, условено од долгогодишните нерешени односи на Србите и Албанците на Косово.

**Табела 6**

СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ СПРЕМА РОМИТЕ ВО СРБИЈА
(во %)

| | Да | | | | Нс | | | | Нсутрално | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Однос | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Би стапи во брак | - | 8,1 | 8,9 | 30,8 | 79,5 | 80 | 88,4 | 67,1 | - | 11,9 | 2,7 | - |
| Би го имал за пријатсл | - | 53,2 | 52,1 | - | 24 | 32,3 | 42,5 | 15,4 | - | 14,5 | 5,5 | - |
| Би живссл во соссдството | - | 47,6 | 47,9 | - | 30 | 39,9 | 50 | 9,4 | - | 12,4 | 2,1 | - |
| Би работсл во иста фирма | - | 58,5 | 54,8 | - | 18 | 30,8 | 45,2 | 4,4 | - | 10,7 | - | - |
| Би го имал за прстпоставсн | - | 32,5 | 24,7 | 78 | 51,5 | 54,3 | 75,3 | 20,9 | - | 13,2 | - | - |
| Би живссл во ист град | - | 64,5 | 58,9 | - | 16,9 | 25,6 | 40,4 | 2,3 | - | 9,8 | 0,7 | - |
| Би живссл во иста држава | - | 65 | 65,1 | - | 15 | 25,2 | 34,9 | 2 | - | 9,8 | - | - |

**Легенда:**

1. Истражување Sociocultural Adaptation of the Romanies in Serbia in the Transition Processes – Integration, Assimilation or Segregation? (раководител на проектот проф. д-р Драгољуб Б. Ђорђевић; истражување извршено на примерок на Република Србија /со Војводина, без Косово/, 1999);

2. Истражување Religious Life of Orthodox and Muslim Romas in Western-Southeast Serbia (раководител на проектот проф. д-р Драгољуб Б. Ђорђевић; истражување извршено на примерок на југозападна и југоисточна Србија, 2001);

3. Истражување The Roma Between the Serbs and Albanians in Bujanovac and Preševo (Political and Cultural Causes of Conflicts) (раководител на проектот проф. д-р Драгољуб Б. Ђорђевић; истражување извршено на примерок на општините Бујановац и Прешево, 2001).

4. Истражување на Ромските населби, условите живота и могућности интеграције Рома у Србији (раководител на проектот д-р Божидар Јакшић; истражување извршено на примерок на Република Србија /со Војводина, без Косово/, 2002).

И додека социјалната одбивност кон Ромите во Србија во 1999 година била изразена натпросечно само во поглед на можноста за склопување брак, две години подоцна забележително е намалувањето на позитивното однесување на мнозинската српска нација и искажување на повисок степен на етничка нетолеранција. Сликата за Ромите посебно е дискриминаторно обоена во очите на Србите од Косово, поточно од територијата на тн. Прешевска долина: покрај високо негативниот став во поглед на можноста за взаемна коегзистенција, посебно загрижува малата подготвеност на соживот во ист град и иста држава. Затвореноста на Србите во рамките на националното делумно е разбирлива ако се земе предвид нивната тешка положба во мнозинското албанско опкружување и фактот дека Ромите на Косово се претежно со исламска вероисповест.

Во сеопфатното српско истражување за положбата на Ромите од 2002 година, под наслов Ромските населби, услови за живот и можностите за интеграција на Ромите во Србија, Јакшић и Башић (2002), помеѓу останатото, изнесуваат податоци за општествената оддалеченост на анкетираното неромско население од соседите Роми. Со мерењето на социјалната оддалеченост со Богардусовата скала е забележано взаемна отвореност на ромското и неромското население кај повеќето модалитети на одговорите (исклучок е подготвеноста за засновање брачна заедница со Ром или Ромка – тоа би го сториле 30,8% неромски 66,3% ромски семејства), што отстапува од повеќето наоди на досега интерпретираните емпириски истражувања: „Заедничкиот живот во иста држава би го одбиле 2% нероми и 1,3% Роми, во ист град 2,3% нероми и 0,4% Роми, коректни колегијални односи на работа не би прифатиле 4,4% нероми и 0,6% Роми, а добрососедски односи 9,4% нероми и 2% Роми. Нешто се поизразени разликите кога станува збор за пријателство и претпоставени на работа. Пријателството би го избегнувале 15,4% нероми и 4% Роми, а Ром како препоставен на работа не би прифатиле 20.9% нероми, додека само 1,7% од Ромите не би прифатило нером за претпоставен (стр.78)." Истражувачите поентираат со заклучокот дека забележаната меѓусебна

отвореност е неопходен, но не и доволен услов за вкупната еманципација и интеграција на Ромите во Србија.

Најсвежи податоци за етничката оддалеченост од Ромите во јужна и источна Србија ни донесува истражувањето на Одборот за граѓанска иницијатива од Ниш (табела 7). Помеѓу останатото, испитувана е етничката оддалеченост на граѓаните од српска, бугарска, албанска, бошњачка и ромска националност кон Србите, Бугарите, Албанците, Бошњаците и Ромите. Ги издвојуваме одговорите на испитаниците од кои може да се изведува заклучок за односот на мнозинското и останатото малцинско население на овој дел од Србија спрема припадниците на ромската националност:

**Табела 7**

СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ СПРЕМА РОМИТЕ ВО ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА
(% испитаници кои одбиваат однос 2002/2004)

| Однос | Националност | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Српска | Бугарска | Албанска | Бошњачка |
| Би стапи во брак | 79 / 81 | 69 / 64 | 0 / 100 | 72 / 85 |
| Би го имал за пријател | 29 / 27 | 26 / 24 | 0 / 63 | 22 / 30 |
| Би живеел во соседството | 32 / 28 | 29 / 28 | 0 / 67 | 27 / 26 |
| Би работел во иста фирма | 34 / 30 | 26 / 18 | 0 / 54 | 30 / 34 |
| Би го имал за претпоставен | 56 / 53 | 42 / 42 | 0 / 94 | 39 / 46 |
| Би живеел во ист град | 18 / 14 | 13 / 6 | 0 / 24 | 15 / 21 |
| Би живеел во иста држава | 16 / 13 | 12 / 8 | 0 / 26 | 12 / 19 |

Извор: Đurović 2005:53.

Ѓуровиќ објаснува дека вредностите „нула“ во колоната за 2002 година кај изјаснувањата на Албанците е израз на недостаток од добра волја да дадат одговори на Богардусовата скала во првиот циклус на истражувањата, за подоцна да го променат мислењето и без исклучоци да учествуваат во пополнувањето на комплетниот прашалник.

Постои благо поместување во правец на попозитивно изјаснување на српскиот и бугарскиот етнички корпус, што не важи за ставовите на Бошњаците, чие мислење, со временска дистанце, е радикализирано. Но, иако не постојат споредбени податоци, по својата радикалност за стапување во понудените претпоставени односи убедливо се издвојуваат Албанците, кои, да речеме, стопроцеентно ја одбиваат идејата за крвно сродство со

Ромите, без малку стопроцентно можноста за прифаќање Ром за надреден во работните односи, а секој четврти испитаник и можноста за соживот со припадниците на ова национално малцинството во ист град или држава! Ако направиме споредување по мнозинско-малцинска основа, ќе се покаже дека многу повеќе се развиени капацитетите за толерантна комуникација со Ромите кај мнозинското српско население, отколку кај албанското и бошњачкото население кои се во подеднаква малцинска положба. Иако значителен број на Роми во Србија исповедаат ислам, малку нешто се променило во одамна воспоставените обрасци за кои известувале етнолозите и антрополозите од XVIII, XIX и XX век (Ђорђевић 1984) – собраќата по верата во Мухамед и понатаму со омаловажување гледаат на можноста за нивно пристапување во планетарната заедница на Муслиманите. Се на се, изгледа дека актуелните меѓуетнички односи во Србија се во длабока диспропорција со прокламациите на домашните политички и верски лидери за демократскиот потенцијал на овој дел од Балканот.

## ПРИМЕРОТ НА БУГАРИЈА

**Табела 8**

СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ СПРЕМА РОМИТЕ ВО БУГАРИЈА (во %)

| | Да | | | | Не | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Однос | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| Би стапил во брак | 5 | 5 | 3 | 5 | 95 | 95 | 97 | 95 |
| Би го имал за пријател | 31 | 27 | 26 | 26 | 69 | 73 | 74 | 74 |
| Би живеел во соседството | 42 | 34 | 27 | 38 | 58 | 66 | 73 | 62 |
| Би работел во иста фирма | 53 | 40 | 38 | 49 | 47 | 60 | 62 | 51 |
| Би живеел во ист град | 63 | 55 | 54 | 62 | 37 | 45 | 46 | 38 |
| Би живеел во иста држава | 73 | 66 | 68 | 71 | 27 | 34 | 32 | 29 |

**Легенда:**

1. Истражување Връзки на съвместимост и несъвместимост във всекидневието на християни и мюсюлмани в България (Меѓународен центар за проблеми на малцинствата и културна соработка, раководител на проектот д-р Петар-Емил Митев, истражувањето е извршено на примерок од 1.044 лица од целата држава, 1994);

2. Истражување Формиране на култура на мира сред младите поколения от етнорелигиозните общности в България (Меѓународен центар за проблеми на малцинствата и културна соработка, раководител на проектот проф. д-р Петар Балкански,

истражувањето е извршено на примерок од 1.035 лица од целата држава, 1998);

3. Истражување Европейски нагласи на младите хора от етнорелигиозните общности в страната (Меѓународен центар за проблеми на малцинствата и културна соработка, раководител на проектот д-р Петар-Емил Митев, истражувањето е извршено на примерок од 928 лица од целата држава, 2000);

4. Истражување Българската младеж '2002 (Меѓународен центар за проблеми на малцинствата и културна соработка, раководител на проектот д-р Петар-Емил Митев, истражувањето е извршено на примерок од 1.009 лица одцелата држава, 2002).

Анализата на прикажаните податоци во табела 8 покажува пораст на етничката оддалеченост на мнозинското население кон ромското малцинство во Бугарија во текот на 1998 и 2000 година, а потоа благо опаѓање, иако во различен обем во текот на 2002 година (набљудувана само во однос на 2000 година и понатаму е поголема отколку во 1994). Резултатите на истражувањето во 2002 година покажуваат дека нема промени во поглед на можностите за стапување во брачни односи и одржување на пријателски односи со припадниците на ромската националност, но воочуваме лесен пад во негативното одредување кон воспоставувањето на соседски односи и заедничкото работење во иста фирма. И облиците за взаемна коегзистенција на одредена територија бележат некој процент повеќе во изјаснувањето на мнозинскиот народ во Бугарија.

Според резултатите на истражувањето кое е реализирано во Бугарија во јануари 2003 година, а кое го наведува Ј. Јанакиев (Yanakiev) (2004:51), „додека меѓуетничките односи помеѓу Бугарите и бугарските Турци се поместиле далеку од критичното ниво од раните 1990-ти, односите помеѓу Бугарите и Ромите и натаму се забележуваат како проблематични. Во 2003 година само 16% од испитаниците ги оценило како доволно добри во споредба со 75% кои сметаат дека тие се лоши или прилично лоши. Важно е да се назначи дека Бугарите ги гледаат односите на овие две заедници понегативно од Ромите. Во ромската заедница лоши или прилично лоши е кај 53% од испитаниците, додека 41% ги оценува како прилично добри или добри.“

**Табела 9**

СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ ПОМЕЃУ БУГАРИТЕ ХРИСТИЈАНИ И РОМИТЕ
(позитивни одговори во %)

| Однос | Бугари христијани (Н=872) |
|---|---|
| Би стапил во брак со Ром | 3 |
| Би имал Ром за пријател | 28 |
| Би мал Ром за сосед | 27,5 |
| Би работел со Ром | 40 |
| Би живеел со Ром во иста заедница | 55 |
| Би живеел со Ромом во иста држава | 69 |

Јанакиев наведува дека анализата на податоците води кон заклучок дека подобрувањата во односите на Бугарите христијани и бугарските Турци не предизвикале позитивни „заразни" ефекти на нивниот однос кон Ромите. Напротив, ромската популација изгледа дека е дезинтегрирана и изолирана од страна на мнозинството и од страна на другите малцински заедници. Предрасудите за нив се многу силни и етничката оддалеченост е многу посилна во споредба со другите заедници. Има само два типа на здруженост, кои би ги прифатило мнозинството Бугари христијани: да живее во ист регион и да живее во иста држава. Неполна година подоцна, не е продолжено опаѓањето на тенденцијата на дистанцирање кај мнозинскиот бугарски народ забележано во 2002 година; напротив, процентите зборуваат во прилог на враќањето на негативната етничка оддалеченост од минатата деценија.

Податоците од последното истражување се подлога на заклучокот дека постојат значајни промени кога станува збор за етничката и културната состојба во Бугарија. Најпрво, набљудувањето на меѓуетничките односи помеѓу Бугарите христијани и бугарските Турци значително се променило во позитивна насока во текот на последната деценија и тоа е реципрочно: етничката оддалеченост станала многу помала во текот на периодот на демократскиот развој на бугарското општество. Во исто време, и покрај намалениот интензитет на стереотипите и предрасудите, се уште постојат некои негативни ставови помеѓу луѓето од различните етнички групи. Овие ставови се длабоко вкоренети во свеста на луѓето и се темелат на историјата. Треба да се истакне и дека се пораснати тенденциите кон самоизолација помеѓу ромската популација. Тие продолжуваат да бидат заедница која е најотворена кон другите, но постепено ќе „почне да ја губи својата отвореност (Yanakiev, 2004: 62-3)"

## ПРИМЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА

Во табелата 10 процентуално се прикажани позитивните одговори на младите Македонци на моидифицираната Богардусова скала со осум нивоа. Екстремниот степен на одбивање е кај првото ниво, бидејќи во брак со Ром / Ромка би стапиле само 2% од испитаниците и кај петтото ниво, бидејќи само 7,6% од мнозинското населени би прифатиле Ром/Ромка за претпоставен. Ако придодадеме дека секој петти младинец не ги крие расистичките побуди во вид на протерување на Ромите од својата земја, јасно е дека станува збор за отворен говор на омраза.

**Табела 10**

СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ СПРЕМА РОМИТЕ (%)

| Однос | Да |
|---|---|
| Би стапил во брак | 2 |
| Би го имал за пријател | 21,9 |
| Би учеле во исто училиште | 30,8 |
| Би живеел во исто место | 20,8 |
| Би го имал за претпоставен | 7,6 |
| Би живеел во иста општина | 29,5 |
| Би живеел во иста држава | 43,3 |
| Би го истерал од земјата | 21,5 |

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО НИШ

Во рамките на проектот „Културните и етничките односи на Балканот – можности за регионална и европска интеграција“ (2002-2005), кој го реализирал Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Ниш, а го финансирало Министерството за наука, технологија и развој на Република Србија, во втората половина на 2003 година е изведено емпириското истражување „Квалитетот на меѓуетничките односи, свеста за регионалниот идентитет и можностите за соработка и интеграција на Балканот“ на примерок од 1786 испитаници. Примерокот е поделен на три потпримероци со идентичен број на испитаници, кои се реализирани на територијата на југоисточна

Србија, северозападна Македонија и централна и западна Бугарија. Прибирањето на емпириската граѓа е извршено во пет окрузи во југоисточна Србија (Нишавски, Топлички, Пиротски, Јабланички и Пчињски), три општини на северозападна Македонија (Скопје, Тетово и Куманово) и две области во централна и западна Бугарија (Шумен и Велико Трново).

**Табела 11**

СОЦИЈАЛНАТА ОДДАЛЕЧЕНОСТ СПРЕМА РОМИТЕ (во %)

| | Да | | | | Не | | | | Неутрално | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Однос** | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **Би стапил во брак** | 6,9 | 8,6 | 8,9 | 3,2 | 81,1 | 81,3 | 74,3 | 88,4 | 12 | 10,1 | 16,7 | 8,4 |
| **Би го имал за пријател** | 53,4 | 57,6 | 44,9 | 58,9 | 29,8 | 31,3 | 32,3 | 25,7 | 16,9 | 11 | 22,8 | 15,4 |
| **Би живеел во соседството** | 53,7 | 58,3 | 55,9 | 47,4 | 28,2 | 30 | 20,5 | 35,2 | 18,1 | 11,8 | 23,6 | 17,5 |
| **Би работел во иста фирма** | 66,7 | 70,3 | 62,6 | 68 | 19,5 | 20,1 | 18,7 | 19,8 | 13,8 | 9,6 | 18,7 | 12,2 |
| **Би го имал за претпоставен** | 31,9 | 36,8 | 33,3 | 26,4 | 49,9 | 53,4 | 42 | 55,5 | 18,2 | 9,8 | 24,7 | 18,1 |
| **Би живеел во ист град** | 69,6 | 75,8 | 64,6 | 69,9 | 15,6 | 15,5 | 13,8 | 17,5 | 14,8 | 8,8 | 21,6 | 12,6 |
| **Би живеел во иста држава** | 71,2 | 77,1 | 64,4 | 73,5 | 13,9 | 15,1 | 12,3 | 14,7 | 14,9 | 7,8 | 21,6 | 11,8 |

**Табела 11**
1. Вкупна мерка на оддалеченоста
2. Оддалеченоста во Србија
3. Оддалеченоста во Бугарија
4. Оддалеченоста во Македонија

Се забележува правилност во одговорите на испитаниците на Богардусовата скала: со намалувањето на социјалната блискост, расте позитивното декларирање („согласноста“ ја нарушува единствено ниската прифатеност на Ромите за надреден на работното место). Србија ја одликува најголем број на позитивни одговори, со само десетина проценти неодлучни, а со самото тоа и најмала социјална оддалеченост. Оддалеченоста од Ромите е најизразена во Бугарија: на секое од понудените нивоа на социјална блискост бугарските испитаници биле понаклонети кон понегативно оценување, со стандардно висок процент на „неодлучните“, кои се движеле помеѓу една петина и, дури , една четвртина од испитаниците. Во одговорите на Македонците најмногу пак има недоследности: убедливо најмногу поединци не се подготвени за стапување во брак со Роми, најмногу би ги имале за пријатели, но и најмалку за први соседи; помалку од останатите се противат на изборот на Ром за

шеф на работа, а бројот на неутралните одговори е нешто поголем отколку во Србија, но и понатаму е помал отколку во Бугарија.

Во Србија се регистрирани најмали отстапувања од утврдените просечни вредности. Нешто повеќе се застапени мажите од жените, помладата возраст, со добар материјален статус, од редовите на мнозинското население, од православната вероисповед, од рамнодушните кон верските прашања или нерелигиозни.

Во бугарскиот примерок има малку повеќе жени отколку мажи, од групата на најстарото население, со место на живеење во град, со пониско ниво на образование, невработени или работно неактивни, со лош или дури неподнослив материјален статус, од редовите на мнозинското население, од православната вероисповед, од рамнодушните кон верските прашања или нерелигиозни.

Во македонскиот примерок забележително преовладува машко население, изразено младо, во висок процент урбано, предимно со средношколска и со диплома од више и високо образование, вработено, материјално добро ситуирано, од редовите на мнозинското население, од православната вероисповед, изразено религиозно.

Социјалната оддалеченост спрема Ромите во Србија опаѓа, ако се спореди со емпириските резултати од 2001 година (види табела 6). Предупредувачки се, пак, податоците за тоа дека без малку една третина од испитаниците се уште ги избегнува Ромите за пријатели и соседи, што само го потврдува недостатокот од вистински и блиски контакти со припадниците на ромската нација. Иако играта на бројки во нашето истражување ја издвојува Бугарија како земја со најизразена оддалеченост спрема Ромите, охрабрува сознанието дека бугарското население попозитивно гледа на Ромите во споредба со 2000 и 2002 година (види табела 8). Особено тоа важи за пријателските, соседските и работните односи. И во Македонија состојбата е многу подобра во споредба со другите искуствени наоди (види табела 10), особено доколку се знае дека во двата случаи опфатените примероци биле меѓусебно слични.

Но, регистрираните попозитивни емпириски наоди во Србија, Бугарија и Македонија трба да се прифатат со доза на резерва, токму заради неусогласеноста на примероците, кои не се пропорционални на статистичките просеци од последните пописи на населението во овие држави. Српскиот примерок претежно се совпаѓа со вкупните просечни наоди. Бугарските одговори доаѓаат претежно од старо, необразовано, невработено и незадоволно од материјалниот статус население. Не треба со леснотија да се симне од умот дека можеби токму во незадоволството на постарите и понеобразованите Бугари лежи необично високата воздржаност од давање одговори, за кои не знаеме дали и под кои услови би се излеале кон позитивното или кон негативното

декларирање. Исто така, младите, образовани и вработени Македонци, при сето тоа и високо религиозни не ги доживуваат Ромите како каква било пречка во својот живот, не се склони кон предрасуди и кон нив изразуваат многу мала оддалеченост.

Постојните разлики, затоа, не ни даваат за право да генерализираме заклучоци и да ги издигнеме на степен на доверливи национални карактеристики; поупатно е да констатираните наоди да ги прифатиме на ниво на студија на случај.

## ЛИТЕРАТУРА


Barany, Z. 2002. The East European Gypsies. Regime Change, Marginality, and Ethnopolitics. Cambridge: Cambridge University Press.

Bašić, G. 2004a. Političko-pravni položaj Roma u Srbiji. U Romi – od zaboravljene do manjine u usponu, priredio D. B. Đorđević, str. 71–78. Niš: Odbor za građansku inicijativu.

Bogardus, E. S. 1928a. Imigration and Racial Attitudes, Boston: Heath.

Gheorghe, N. 1991. Roma-Gypsy Ethnicity in Eastern Europe. Social Research 58(4):829–44.

Gud, V. i P. Het. 1966. Metodi socijalnog istraživanja. Beograd: Vuk Karadžić.

Guglielmo, R. 2004. Human Rights in the Accession Process: Roma and Muslims in an Enlarging EU. In Minority Protection and the Enlarged European Union: The Way Forward, edited by G. N. Toggenburg, pp. 37–58. Budapest: OSI and LGI.

Демировски, М. 2000. Ромите во населба Средорек. In Managing Multiethnic Local Communities in the Countries of the Former Yugoslavia, edited by N. Dimitrijević, pp. 163–78, Budapest: LGI and OSI.

Đorđević, D. B. 2002a. Social, Ethnic and Religious Distance Towards Roma of Serbia: Empirical Report for 1999-2002. U Globalizacija, akulturacija i identiteti na Balkanu, priredio Lj. Mitrović et al., str. 257–66. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Punta.

Đorđević, D. B. 2002b. Roma as a Trans-border Ethnic and Cultural Group. U Globalizacija, akulturacija i identiteti na Balkanu, priredio Lj. Mitrović et al., str. 67–78. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Punta.

Đorđević, D. B. 2003. Роми Србије: прошлост – садашњост – будућност. Зборник радова Филозофског факултета у Косовској Митровици 33:209–28.

Đorđević, D. B. (prir.). 2004a. Romi: od zaboravljenje do manjine u usponu. Niš: Odbor za građansku inicijativu.

Đorđević, D. B. 2004b. The Roma From the Southeastern Serbia and "The Others". U Kvalitet međuetničkih odnosa, svest o regionalnom identitetu i mogućnosti saradnje i integracije na

Balkanu (Preliminarni rezultati empirijskog istraživanja u jugoistočnoj Srbiji), priredio Lj. Mitrović et al., str. 127–38. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Đorđević, D. B. 2004v. The Balkan Non-Roma about the Balkan Roma (Serbia, Macedonia, Bulgaria). U Regionalni razvoj i integracija Balkana u strukture EU – balkanska raskršća i alternative, priredio Lj. Mitrović et al., str. 587–602. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Đorđević, D. B. 2005g. Pozadinske pretpostavke integracije Roma tri godine posle. U Društvena svest, ljudska prava i aktivizam građana u južnoj i istočnoj Srbiji, priredio N. Popović, str. 57–69. Niš: Odbor za građansku inicijativu.

Đorđević, D. B. i D. Todorović. 2001. Romi (etnička i verska manjina). U U-put u građansko društvo, priredio J. Živković, str. 35–39. Niš: DDA i JUNIR i KSS.

Đorđević, D. B., D. Todorović and L. Milošević. 2004. Romas and Others – Others and Romas: Social Distance. Sofia: Institute for Social Values and Structures "Ivan Hadjysky".

Đorđević, D. B. and M. Filipović. 2004a. Serbian and Albanian Youth from "Preševo Valey" on the Roma People. In Towards Non-Violence & Dialogue Culture in South East Europe, edited by P-E. Mitev and J. Riordan, pp. 183–210. Sofia: Institute for Social Values and Structures "Ivan Hadjiyski".

Đorđević, D. B., J. Živković, and V. Jovanović. 2004. Serbs, Albanians and the Fate of the Romas. Theoretical Perspectives 11:103–28.

Ђорђевић, Т. 1984. Наш народни живот, I–IV. Београд: Просвета.

Đurović, B. 2005. Interetnička distanca u južnoj i istočnoj Srbiji. U Društvena svest, ljudska prava i aktivizam građana u južnoj i istočnoj Srbiji, priredio N. Popović, str. 45–56. Niš: Odbor za građansku inicijativu.

Ivanova, C. i V. Bojkov. 2005. O Bugarima u Srbiji. U Prava manjina, priredio D. Žunić, str. 129–60. Niš: Odbor za građansku inicijativu.

Jakšić, B. and G. Bašić. 2002. Romany Settlements Living Conditions and Possibilities of Integration of the Roma in Serbia. Belgrade: Ministry of Human and Minority Rights Serbia and Montenegro.

Jovanović, Đ. 2003. Mimikrija Roma – poslednje utočište. U Kultura u procesima razvoja, regionalizacije i evrointegracije Balkana, priredio D. Todorović, str. 345–49. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Yanakiev, Y. 2004. Public Perception of Inter-Ethnic Relations in Bulgaria. In Ethnic Relations in South Eastern Europe, edited by N. Genov, pp. 47–65. Berlin and Sofia: Friedrich-Ebert-

Stiftung and Free University Berlin and Institute of Eastern European Studies.

Канев, К. 1997. Динамика међуетничких тензија у Бугарској и на Балкану. Градина 32(12):171–201.

Kreč, D., R. S. Kračfild i I. L. Balaki. 1972. Pojedinac u društvu. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Kuzmanović, B. 1992. Stereotipije o Romima i etnička distanca prema Romima. Sociologija 34(1):119–26.

Kuzmanović, B. 1994. Socijalna distanca prema pojedinim nacijama (etnička distanca). U Razaranje društva: jugoslovensko društvo u krizi 90-tih, uredio M. Lazić, str. 225–44. Beograd: Filip Višnjić.

Lakinska-Popovska, D. 2002. Vulnerability of Roma Children in the Municipality of Shuto Orizari. Теме 26(1):143–67.

Мацура, М. (ур.). 2000. Цигани/Роми у прошлости и данас. Београд: САНУ.

Марушиакова, Е. и В. Попов. 1993. Циганите в България. София: Клуб '90.

Milošević, L. 2004. Srbi o drugima (Društvena udaljenost Srba od pripadnika drugog naroda, nacionalnih manjina i etničkih grupa u jugoistočnoj Srbiji). U Kvalitet međuetničkih odnosa, svest o regionalnom identitetu i mogućnosti saradnje i integracije na Balkanu (Preliminarni rezultati empirijskog istraživanja u jugoistočnoj Srbiji), priredio Lj. Mitrović et al., str. 95–112. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Milošević, L. i G. Stojić-Atanasov. 2003. Predstavljanje nacionalnih manjina: analiza sadržaja tiskanih medija u Srbiji. Međunarodne studije 3(3):60–78.

Milošević, L. i D. Todorović. 2002. Ethnic Autostereotypes and Heterostereotypes and Ethnic Distance at the Balkans. U Globalizacija, akulturacija i identiteti na Balkanu, priredio Lj. Mitrović et al., str. 79–90. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Punta.

Mirga, A. i N. Georgi. 2004. Romi u dvadeset prvom veku. U Romi – od zaboravljene do manjine u usponu, uredio D. B. Đorđević, str. 11–40. Niš: Odbor za građansku inicijativu.

Mitev, P-E. 2004. Etnički odnosi u Bugarskoj: zakonske norme i društvena praksa. U Perspektive multikulturalizma u državama Zapadnog Balkana, priredio G. Bašić et al., str. 137–66. Beograd: Centar za istraživanje etniciteta i Friedrich Ebert Stiftung.

2002. Nacionalne manjine u SR Jugoslaviji. Beograd: Savezno ministarstvo nacionalnih i etničkih zajednica.

Ortakovski, V. 2001. Interethnic Relations and Minorities in the Republic of Macedonia. Southeast European Politics 2(1):24–45.

Ortakovski, V. 2002. Nacionalne manjine u Republici Makedoniji. U Demokratija i nacionalne manjine, uredio G. Bašić et al., str. 185–230. Beograd: Centar za istraživanje etniciteta.

Петровски, Т. 2002. Ромите во Македонија денес, I, II, III. Скопје: Здружение на љубители на ромска фолклорна уметност "Романо ило".

2003. Попис становништва – Вероисповест, матерњи језик и национална или етничка припадност према старости и полу. Београд: Републички завод за статистику.

Ристовска-Димитриевска, В. 2003. Карактеристики на ромските семејства во Република Македонија со посебен осврт на ромските населби во Скопје. У Социјалната положба на населението во Република Македонија, уредио Ј. Јакимовски, стр. 55–67. Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања и Friedrich-Ebert-Stiftung и Здружение за одржлив развој.

Sekelj, L. 2000. Etnička distanca, ksenofobija i etnonacionalistička manipulacija. Sociologija 42(1):1–24.

1982. Sociološki leksikon. Niš: Savremena administracija.

Supek, R. 1968. Ispitivanje javnog mnijenja. Zagreb: Naprijed.

Supek, R. 1973. Društvene predrasude. Beograd: Radnička štampa.

Тодорова, Б. 2005. Циганите-мюсюлмани в България: предпоставка за етнически и религиозен конфликт. U Kulturni i etnički identiteti u procesu globalizacije i regionalizacije Balkana, priredio Lj. Mitrović et al., str. 149–155. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Todorović, D. 2004. Romas About Other: Social Distance of the Romas from Southeast Serbia from Serbs, Bulgarians and Albanians. U Kvalitet međuetničkih odnosa, svest o regionalnom identitetu i mogućnosti saradnje i integracije na Balkanu (Preliminarni rezultati empirijskog istraživanja u jugoistočnoj Srbiji), priredio Lj. Mitrović et al., str. 113–26. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Тодоровић, Д. и Д. Б. Ђорђевић. 2005. Ромите за ислямския фундаментализъм на Балканите: "Не, благодаря!". В Рискове за България од ислямски фундаментализъм и тероризъм, съставители В. Проданов и Б. Тодорова, стр. 160–72. София: ИК ИФИ–БАН.

Todorović, D. i L. Milošević. 2004. Društvena udaljenost većinskog stanovništva od romske manjine (Srbija, Makedonija, Bugarska). U Društvene promene, kulturni i etnički odnosi i evrointegracijski procesi na Balkanu, priredio Lj. Mitrović et al., str. 225–45. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Sven.

Todorović, D., L. Milošević, and D. B. Đorđević. 2002. Social Distance of Romas of Southeastern and Southwestern Serbia

Towards Members of Other Nations and National Minorities. U Globalizacija, akulturacija i identiteti na Balkanu, priredio Lj. Mitrović et al., str. 267–73. Niš: Institut za sociologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Nišu i Punta.

Томова, И. 1995. Циганите в преходния период. София: IMIR.

Томова, И.1998. Роми. В: Общности и идентичности в България, редактор А. Кръстева, стр. 329–55. София: Петекстон.

Hancock, I. 2003. We are the Romani People. University of Hertfordshire Press.

Henkok, J. 2002. Borba za identitet Roma. Nova srpska politička misao (Posebno izdanje – Etnički stereotipi) 9(3):125–36.

Holliday, G. 2005. From Ethnic Privileging to Power-Sharing: Ethnic Dominance and Democracy in Macedonia. In The Fate of Ethnic Democracy in Post-Communist Europe, edited by S. Smooha and P. Järve, pp. 139–65. Budapest: LGI and OSI.